**Број 21 Година XIV**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

**СКОПЈЕ, ноември 2020**

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за утврдување престанок на мандатот вршител на должноста директор на основно општинско училиште „Братство“ – Општина Карпош – Скопје**

1. Се објавува Решението за утврдување престанок на мандатот вршител на должноста директор на основно општинско училиште „Братство“ – Општина Карпош – Скопје, Скопје бр.11-5358/4 од 19.11.2020 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7346/1**
**Датум: 19.11.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Број: 11-5358/4
Датум: 19.11.2020 година
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 ), врз основа на член 118, став 4 и став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за утврдување престанок на мандатот на вршител на должноста директор на општинското основно училиште „БРАТСТВО“ Општина Карпош, Скопје**

1. Со ова Решение се утврдува престанок на мандатот вршител на должноста директор на лицето РУХИЈЕ САЛИ од Скопје – дипломиран професор по одделенска настава на албански наставен јазик VII-1 степен, на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош Скопје, поради истек на времето за кое што е именувана.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, преку Општина Карпош до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стефан Богоев, с.р.**

Доставено до
- Именуваната,
- Одделение за образование
- ООУ Братство и
- Архивата

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019 и 7/2020), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за избор на директор во општинското основно училиште „БРАТСТВО“ Општина Карпош, Скопје**

1. Се објавува Решението за избор на директор во општинското основно училиште „БРАТСТВО“ Општина Карпош, Скопје бр.11-5358/5 од 19.11.2020 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-7346/2**
**Датум: 19.11.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Број: 11-5358/5
Датум: 19.11.2020 година
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 ), врз основа на член 115, а во врска со член 109 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на директор во општинското основно училиште „БРАТСТВО“ Општина Карпош, Скопје**

1. Со ова Решение лицето РУХИЈЕ САЛИ од Скопје – дипломиран професор по одделенска настава на албански наставен јазик VII-1 степен, СЕ ИЗБИРА за директор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош Скопје, со мандат од 4 (четири) години, сметано од 20.11.2020 година.

2. Бруто износот на плата на директорот на ООУ „Братство“ Општина Карпош Скопје ќе биде утврден со посебно решение донесено од страна на училиштето, согласно позитивните законски прописи.

3. По истекот на мандатот, именуваната од точка 1 на ова решение, има право да се врати на работа во училиштето каде работела пред да биде избрана за директор во рок од 15 (петнаесет) дена по престанокот на мандатот на функцијата директор.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Вршителот на должноста директор на ООУ „Братство“ Општина Карпош Скопје до Градоначалникот на Општина Карпош на ден 11.09.2020 година доставил Барање согласност за отпочнување постапка за избор на директор бр.11-5358/1, по што на ден 16.09.2020 година Градоначалникот на Општина Карпош донел Одлука за објавување оглас за избор на директор на ООУ „Братство“ бр.11-2722/2.
На 07.10.2020 година Училишниот одбор на ООУ „Братство“ донел Одлука за формирање Комисија за разгледување документи на кандидати кои аплицираат за директор во ООУ „Братство“-Скопје по објавен оглас бр.02-570/2 и Одлука за распишување јавен оглас за избор на директор на ООУ „Братство“ Скопје бр.02-570/2, по што на 09.10.2020 година ООУ „Братство“ објави јавен оглас за избор на директор во ООУ „Братство“ Општина Карпош Скопје во дневите весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“.
На 26.10.2020 година Комисијата за разгледување документи на кандидати кои аплицираат за директор во ООУ „Братство“-Скопје по објавен оглас одржала седница и усвоила Записник бр.02-612, на кој е констатирано дека по јавниот оглас е приваен еден кандидат и дека по разгледување на документите кандидатот Рухие Сали ги исполнува критериумите и условите според јавниот оглас за избор на директор.

На 05.11.2020 година училишниот одбор на ООУ „Братство“ одржал седница на која присуствувал и советникот од Бирото за развој на образование Афердита Давко и на истата седница било извршено интервју со единствениот кандидат за директор Рухије Сали бр.02-641.
На 09.11.2020 година Училишниот одбор на ООУ „Братство“ одржал седница и донел Одлука за предлагање кандидат за избор на директор во ООУ „Братство“ Скопје бр.02-651/2 со која одлука го предлага кандидатот Рухије Сали за директор на ООУ „Брартсво“ со мандат од 4 години, по што на 11.11.2020 година до Градоначалникот на Општина Карпош ја доставил Одлуката за предлагање кандидат со допис бр.02-654.

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоловниот кандидат во рок од 15 дена од приемот на решението има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Стефан Богоев, с.р.**

Доставено до
- Именуваната,
- Одделение за образование
- ООУ Братство и
- Архивата

**С О Д Р Ж И Н А**

**1. Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Братство“ – Општина Карпош – Скопје, со Заклучок за објавување и**

**2. Решение за избор на директор во општинското основно училиште „Братство“ – Општина Карпош, Скопје, со Заклучок за објавување.**

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**